АЛКАЛОИД АД Скопје

# БИЗНИС-ПЛАН за 2024 година

## РЕЗИМЕ

Декември **2023**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*

## За АЛКАЛОИД

*АЛКАЛОИД АД Скопје* е компанија која повеќе од осум децении и половина работи на производство на лекови, преработка на билни суровини и на производство на козметички и на хемиски производи.

*АЛКАЛОИД АД* е акционерско друштво во чии рамки работат два профитни центри: *Фармација и Хемија, козметика и билкарство*. Има две подружници во земјава, како и 20 подружници и 2 претставништва во странство (Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Руската Федерација, САД, Велика Британија и Романија).

Компанијата брои 2.146 вработени во земјава и 683 вработени во подружниците и во претставништвата надвор од Северна Македонија.




## Аспирации и вредности

*АЛКАЛОИД АД Скопје* при извршувањето на своите деловни операции се потпира на највисоките етички норми и стандарди. Уверени сме дека етичкото водење бизнис е предуслов за постојан личен и деловен успех. Нашата цел е обезбедување постојаност и подобрување на бизнис-перформансите преку одржување, односно преку зајакнување на позициите на актуелните пазари и преку разумно проширување на нови пазари.

## Визија

Нашата ВИЗИЈА е *АЛКАЛОИД* како глобално ориентирана компанија да се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат изразена конкурентност и пазарна позиција. Постојано сме отворени за градење нови пазари и нови партнерства, а произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

## Мисија

Нашата МИСИЈА е постојано да тежнееме кон поздрав свет, супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и континуиран успех.

## Императив

Наш императив е заштитата на интересите на вработените, потрошувачите, на акционерите, деловните партнери, како и на сите вклучени страни, а основната определба е ***ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СЀ.***




# Бизнис-план за 2024

## Приходи од продажби

Бизнис-планот за 2024 година предвидува консолидирани продажби од над 295 милиони евра, што претставува раст од 12 % во однос на очекуваните за 2023 година.




## Продажби по сегменти

Сегментно, по профитни центри, 89 % од консолидираните продажби се очекува да ги реализира *ПЦ Фармација*, а 11 % *ПЦ Хемија, козметика и билкарство.*




## Продажби по пазари

Се очекува 31 % од консолидираните продажби да бидат остварени на домашниот пазар, додека, пак, 69 % од извоз.




## Планирани резултати

Планираниот биланс на успех предвидува раст од 11 % на консолидираната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (EBITDA). Консолидираната нето-добивка е предвидена со раст од најмалку 7 % во однос на очекуваната за 2023 година.




*Прелиминарните проекции за 2023 година може да се разликуваат од конечните резултати.

**Бизнис-планот за 2024 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2024 година, а со тоа и остварените резултати може да варираат од прикажаните во Бизнис-планот.

## Инвестиции

Посветеноста на постојан раст и развој и следењето на трендовите и на најновите достигнувања во сферата на фармацијата се главните причини поради кои во изминатите две децении *АЛКАЛОИД АД Скопје* се задржа на курсот на континуирано инвестирање, вложувајќи повеќе од 200 милиони евра.

Во согласност со долгорочната развојна стратегија, односно со 20-годишниот инвестициски развоен план, во последните неколку години се изградени нов погон за производство на полуцврсти фармацевтски форми, нов погон за пакување лекови, како и нов магацински простор за складирање суровини. Во завршна фаза е и најзначајната инвестициска активност – нов погон за производство на цврсти форми (фармацевтски препарати). Вредноста на вкупните инвестиции во овие нови производствени капацитети достигнува над 30 милиони евра.

Континуирано вложуваме во нови производствени опреми и во инсталирање најсовремени технолошки линии за производство, при што се создадени услови за неколкукратно зголемување на производствените капацитети. Сите инвестиции во производствените капацитети на *Фармација* се изведени во согласност со најсовремените GMP-препораки за производство на фармацевтски производи.

Бизнис-планот за 2024 година предвидува инвестирање на околу 10 % од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

*Истражување и развој во АЛКАЛОИД АД Скопје* повеќе децении има реномирана репутација како истакнат сегмент за истражување и за воведување нови производи, нови технологии, аналитички методи и услуги, кои обезбедуваат раст на богатото портфолио на *АЛКАЛОИД*, со грижа за заштитата на животната средина, како и на здравјето и на безбедноста при работа.

Издатоците за истражување и развој низ годините наназад континуирано растат, резултирајќи со повисоки стандарди за квалитет, кои придонесуваат за зголемување на благосостојбата на потрошувачите.

Бизнис-планот во 2024 година предвидува раст од најмалку 15 % на издатоците за истражување и развој, односно алоцирање на повеќе ресурси во овој сегмент, со цел натамошна модернизација на генеричкото портфолио, дополнето со патентирани производи со додадена вредност.

## Животна средина и општествени прашања (ESG)

Изминатите две години како стратешки императив и приоритет ја поставивме имплементацијата на стандардите Environmental, Social and Governance (ESG) за интеграција и за известување во компанијата. Донесовме голем број внатрешни акти кои го систематизираат работењето на сите сектори во согласност со ESG-принципите.

Одговорноста спрема животната средина и спрема заедницата се составен дел од секојдневието на секој еден вработен во АЛКАЛОИД, во сите земји каде што имаме воспоставено операции. Во иднина ЕСГ-сегментот ќе се проширува и ќе се интензивира пренесувајќи се на сите иматели на удели во АЛКАЛОИД со една единствена цел - да изградиме подобар, поздрав и поодржлив свет.

## Вработени

Следејќи ги плановите за раст и развој, во 2024 година очекуваме околу 100 нови вработувања во *АЛКАЛОИД АД Скопје*, како и околу 70 вработувања во друштвата во странство. Продолжуваме со вложувањата во човечкиот капитал преку издвојување значителни средства за обуки и за други придобивки за вработените, наедно создавајќи предуслови за натамошно зголемување на просечната нето-плата по вработен.

## Акции

Акциите на *АЛКАЛОИД АД Скопје* котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година и важат за едни од најтргуваните и најликвидните акции на Берзата. Цената на акцијата во 2023 година се движеше од 17.199,00 до 18.500,00 денари или просечно 17.752,44 денари за една акција. Цената на акцијата на последната трансакција на 25.12.2023 година изнесуваше 18.150,00 денари. Пазарната капитализација на компанијата во декември 2023 година изнесува 26 милијарди денари.

## Дивидендна политика

Менаџментот на компанијата ќе продолжи и натаму со досегашната дивидендна политика соодветно на остварените резултати. Планот предвидува алоцирање на дел од нето-добивката на компанијата за дивиденда и за персонален данок, додека, пак, остатокот ќе биде за инвестиции.

**Бизнис-планот на компанијата за 2024 година е донесен со одлука на Управниот одбор на *АЛКАЛОИД АД Скопје* на седницата одржана на 27.12.2023 година.**